**ООУ ,, БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ,, С. МИЛАДИНОВЦИ**
**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**

# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА

# ООУ ,, БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ,,

# С.МИЛАДИНОВЦИ

# ЗА ПЕРИОД ОД 2022 ДО 2025 ГОДИНА

**Август, 2022**

**Преамбула**

Врз основа на Законот за основно образование, објавен во Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година, односно:

Член 49

(1) Основното училиште изготвува Развојна програма за работа.

(2) Со Развојната програма се планираат целите и визијата за развој на училиштето во периодот од четири години, со конкретно наведени активности на училиштето согласно со стратешките и концепциските документи и стручни документи и упатства утврдени од надлежните институции.

А врз основа на Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште, бр.18-6579/1 од 6.07.2020 година донесен од Министерот за образование и наука, односно: Член 1

Со овој правилник се утврдува формата и содржината на Развојната и годишната програма за работа на основното училиште.

Член 2

Развојната програма за работа на основното училиште претставува документ со кој се планираат мисијата и визијата, приоритетните подрачја за развој на основното училиште, како и начинот на следење и евалуација на развојната програма за работа на основното училиште за период од четири години, со цел да се унапреди воспитно-образовната работа во училиштето.

**Содржина**

**Вовед**

1. **Податоци за основното училиште**
   1.1. Идентификациони податоци за училиштето
   1.2. Историјат на основното училиште
   1.3. Специфики кои го карактеризираат училиштето во однос на другите училишта
2. **Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште**
   2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка
   2.2. Работен стаж на вработените
   2.3. Простор
   2.4. Опрема и наставни средства
   2.5. Материјално-финансиско работење на училиште

3. **Подрачје на работа на основното училиште, наставен план и наставна програма**

4. **Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години**
   4.1. Самоевалуација на основното училиште (интерна)
   4.2. Интегрална евалуација на основното училиште (екстерна)

5. **Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (SWOT анализа)**

6. **Мисија и визија на основното училиште**

7. **Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период**

8. **Соработка на основното училиште со родителите/старателите**

**Вовед**

Развојната програма и нејзиното изработување се одвиваше во мошне изменети услови од досегашните услови на организирање и реализирање на наставата во училиштето поради специфичната здравствена ситуација, односно новиот предизвик за вработените, учениците и родителите - „учењето на далечина“, како и потребата за промени во начинот на натамошното организирање и реализирање на наставата и нејзино прилагодување на постојната состојба и условите на средината за реализирање на учењето.

Како цели во развојната програма се обидовме да ги вградиме:

 унапредување и осовременување на условите на реализација на наставата;

 развивање и унапредување на компетенциите и потенцијалите кај учениците;

 развивање самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки;

 воспитување за почитување на различностите, соработка, почитување на основните човекови слободи и права;

 подготвување на ученикот за одговорен живот во слободно, граѓанско и демократско општество;

 развивање на способности и вештини за истражување, експериментирање и решавање на проблеми;

 стекнување општи и применливи знаења и вештини што се потребни во секојдневниот живот или за натамошно образование;

 унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина;

 промовирање на креативноста, индивидуалниот развој и личноста на учениците;

 подигање на квалитетот на воспитно-образовниот процес кој ќе потикнува и развива креативно и критичко размислување;

 унапредување на професионалниот развој на вработените кој ќе ги следи современите текови на животот и технолошкиот развој;

 постојана грижа за здравјето во училиштето;

 градење на взаемна почит, доверба, позитивна клима и средина за учење;

 унапредување на формите на соработка со родителите и локалната средина.

Развојната програма се заснова на: Закон за основно образование, Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште, Стратегија за образование 2018-2025, Концепт за развивање на систем на образование од далечина, Концепција за воннаставни активности во основното образование, Концепцијата за инклузија на деца со посебни потреби во основното образование, Концепција за државно тестирање во основното образование, Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта и други закони, подзаконски и интерни акти, Наставни планови и програми, Годишни програми за работа на основното училиште, Годишни извештаи за работа на основното училиште од претходните четири години, Извештај од интегрална евалуација на основното училиште и сл.

## 1. Податоци за основното училиште

### 1.1. Идентификациони податоци за училиштето

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | **ООУ ,, Браќа Миладиновци”** |
| **адреса, општина, место** | **с. Миладиновци, Општина Илинден, Скопје** |
| **телефон** | **02/ 2577 - 709** |
| **фах** | **02/ 2577 - 709** |
| **е-маил** | **brmiladinovci@yahoo.com** |
| **основано од** | Училиштето е основано со акт Одлука под број 07 – 30849 од 1955 година.<br>Училиштето со акт Одлука од Советот на општина Илинден под број 07-1891/3 од 2014 година е превземено со основачките права и обврски од страна на Општина Илинден. |
| **Верификација- број на актот** | 14-1209/1 |
| **Година на верификација** | 26.02.1986 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | македонски јазик |
| **Година на изградба** | 1939 година – прв дел, втор дел 1957 година |
| **Тип на градба** | масивна |
| **Површена на објектот** | 1303 м2 |
| **Површина на училшниот двор** | – тревна површина – 800 m2,<br>– друга дворна површина – 10 000 m2 |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | – спортски терени – 1215 m2 |
| **Училиштето работи во смена** | Да |

| | |
|---|---|
| **Начин на загревање на училиштето** | Парно |
| **Број на одделенија** | 9 |
| **Број на смени** | 2 ( две) |
| **Статус на еко – училиште (зелено знаме, сребрено или бронзено ниво)** | Зелено знаме<br><br>21.02.2013 година<br><br>координатор Татјана Насевска - Додевска, психолог<br><br>Координатор на проектот еко -училиште од учебната 2014/15 година<br><br>Александра Стоевска, наставник |
| Координатор на проектот еко - училиште од учебната 2017/ 18година | Емилија Стојановска, наставник |
| Координатор на проектот еко - училиште од учебната 2018/19 година | Билјана Смилевска, наставник |

## ПООУ „Браќа Миладиновци“ с.Текија

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | **ООУ ,, Браќа Миладиновци”** |
| **адреса, општина, место** | **с. Текија** |
| **телефон** | **02/ 2577 - 709** |
| **фах** | **02/ 2577 - 709** |
| **е-маил** | **brmiladinovci@yahoo.com** |

| | |
|---|---|
| **основано од** | Училиштето е основано со акт Одлука под број 07 – 30849 од 1955 година.<br><br>Училиштето со акт Одлука од Советот на општина Илинден под број 07-1891/3 од 2014 година е превземено со основачките права и обврски од страна на Општина Илинден. |
| **Верификација- број на актот** | 14-1209/1 |
| **Година на верификација** | 26.02.1986 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | македонски јазик |
| **Година на изградба** | Зграда изградена 1947 година |
| **Тип на градба** | масивна |
| **Површена на објектот** | 150 М2 |
| **Површина на училшниот двор** | - тревна површина- 2000 m2,<br><br>- спортски терени – 600 m2 |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | / |
| **Училиштето работи во смена** | не |
| **Начин на загревање на училиштето** | парно |
| **Број на одделенија** | 5 |
| **Број на смени** | 1 (една) |
| **Статус на еко – училиште (зелено знаме, сребрено или бронзено ниво)** | Зелено знаме<br><br>21.02.2013 година<br><br>координатор Татјана Насевска - Додевска, психолог<br><br>Координатор на проектот еко -училиште од учебната 2014/15 година |

| | |
|---|---|
| | Александра Стоевска, наставник |
| Координатор на проектот еко - училиште од учебната 2019/20 година | Емилија Стојановска, наставник |
| Координатор на проектот еко - училиште од учебната 2018/19 година | Билјана Смилевска, наставник |

**ПООУ „Браќа Миладиновци“ с.Мршевци**

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | **ООУ ,, Браќа Миладиновци”** |
| **адреса, општина, место** | **с. Мршевци** |
| **телефон** | **02/ 2577 - 709** |
| **фах** | **02/ 2577 - 709** |
| **е-маил** | **brmiladinovci@yahoo.com** |
| **основано од** | Училиштето е основано со акт Одлука под број 07 – 30849 од 1955 година.<br>Училиштето со акт Одлука од Советот на Општина Илинден под број 07-1891/3 од 2014 година е превземено со основачките права и обврски од страна на Општина Илинден. |
| **Верификација- број на актот** | 14-1209/1 |
| **Година на верификација** | 26.02.1986 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | македонски јазик |
| **Година на изградба** | Зграда изградена во 1947 година |
| **Тип на градба** | масивна |

| | |
|---|---|
| **Површена на објектот** | 350 м2 |
| **Површина на училшниот двор** | - тревна површина – 2000 m2,<br>– друга дворна површина – 10 000 m2 |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | / |
| **Училиштето работи во смена** | не |
| **Начин на загревање на училиштето** | парно |
| **Број на одделенија** | 5 |
| **Број на смени** | 1 (една) |
| **Статус на еко – училиште (зелено знаме, сребрено или бронзено ниво)** | Зелено знаме<br>21.02.2013 година<br>координатор Татјана Насевска - Додевска, психолог<br>Координатор на проектот еко -училиште од учебната 2014/15 година<br>Александра Стоевска, наставник |
| Координатор на проектот еко - училиште од учебната 2019/20 година | Емилија Стојановска, наставник |
| Координатор на проектот еко - училиште од учебната 2018/19 година | Билјана Смилевска, наставник |

**1.2 Историјат на основното училиште**

ООУ ,, Браќа Миладиновци” с. Миладиновци се наоѓа во Општина Илинден. Во состав на централното училиште работат и две подрачни училишта и тоа во селата Текија и Мршевци. Училиштето е основано со акт Одлука под број 07 – 30849 од 1955 година. Наставата се изведува на македонски јазик.

Централното училиште опфаќа ученици од шест села и тоа – Миладиновци, Бујковци, Мршевци, Бучинци, Текија и Дељадровци, каде наставата се изведува во две смени од прво до деветто одделение.

Подрачното училиште во с. Мршевци ги опфаќа учениците од прво до петто одделение од селата Мршевци и Бучинци , додека пак ПООУ Текија ги опфаќа учениците од селата Текија и Дељадровци каде што исто така учат ученици од прво до петто одделение.

Во сите три училишта затоплувањето е со парно. Во централното училиште сѐ уште нема услови за кабинетска настава, а во подрачните училишта нема фискултурни сали кои се неопходни за изведување на наставата по физичко образование.
Наставата се изведува на македонски јазик.

Наставно - воспитниот персонал ги изврши сите подготовки за успешно реализирање на работата на училиштето во текот на учебните години.

Учениците се распределени во 20 паралелки од кои 8 во предметна и 12 во одделенска настава. Наставата се изведуваше во две смени во централното училиште, а во ПООУ Мршевци и ПООУ Текија, во една смена.

Во училиштето работат 3 групи од прво одделение, една група во Миладиновци и по една во Текија и Мршевци.

## 2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште

2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка

| Стручен профил | Број на извршители | | Стручна подготовка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Основно | НСС | ССС | ВШС | ВСС | М-Р |
| Наставен кадар | Одделенска настава | 13 | | | | 1 | 12 | |
| | Предметна настава | 19 | | | | 1 | 18 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Раководен кадар | 1 | | | | | 1 | |
| Стручни соработници | 2 | | | | 1 | | 1 |
| Административни службеници | 1 | | | | | 1 | |
| Помошен и технички кадар | 7 | | | 7 | | | |

**2.2. Работен стаж на вработените**

| Работен стаж | Број на вработени наставници во одделенска настава | Број на вработени наставници во предметна настава | Број на вработени стручни соработници | Број на вработени админи-стративни службени-ци | Број на вработен технички персонал | Број на вработен раководен кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | 1 | 6 | / | / | 3 | / |
| Од 10 до 20 години | 6 | 9 | 1 | / | 2 | 1 |
| Од 20 до 30 години | 7 | 1 | / | / | 1 | / |
| Повеќе од 30 години | / | 2 | 1 | 1 | 1 | / |
| Вкупно | 14 | 18 | 2 | 1 | 7 | 1 |

**2.3.Простор**

| Просторија | Вкупен број | Површина (m2) | Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| **Училници** | 11/4/3 | 791m$^2$/200m$^2$/190m$^2$ | 3 | Реконструкција на постоечките простории во |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | ПООУ Мршевци |
| **Кабинети** | 1/-/- | 26m$^2$ | 2 | Набавка на опрема и реконструкција |
| **Библиотека** | 1/-/- | 39m$^2$ | 1 | Реконскtрукција и набавка на лектирни изданија |
| **Медијатека** | / | / | / | / |
| **Читална** | / | / | / | Потреба од адаптирање на просторија за читална |
| **Спортска сала** | 1/-/1 | 200м$^2$ | 2 | Реконструкција,опремување и адаптација во ПООУ Текија |
| **Канцеларии** | 5/1/1 | 127m$^2$/25m$^2$/30m$^2$ | 4 | Реконструкција на стариот дел |
| **Училишен двор** | 1/1/1 | 800м$^2$/2000м$^2$/2000м$^2$ | 3 | Просторно и хортикултурно уредување |
| **Заеднички простори** | 1 ПООУ Текија | 8m$^2$ | 3 | Адаптирање во канцелариска просторија |
| **Кујна** | / | / | / | / |
| **Трпезарија** | / | / | / | / |
| **Подрумски простори** | 3/-/5 | 300м$^2$/-/150м$^2$ | 3 | / |

2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства

| Одделенска и предметна настава | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| | Лупи | |
| | Знаме и карта на РСМ | |
| | Енциклопедии | |
| | Еко домино и лото игра | |
| | Мали сообраќајни знаци | |
| | Домино со бои и бројки | |
| | Коцки со бројки | |
| | Обоени стапчиња | |

| | | |
|---|---|---|
| **Одделенска настава** | Мала вага<br>Танграм<br>Картончиња со букви<br>Сликовници<br>Постери<br>Детски музички инструменти<br>Часовник<br>Сложувалки<br>Метар<br>Топки, коцки<br>Дводимензионални фигури<br>Пикадо<br>Обрачи хула-хоп<br>Монети и банкноти<br>Бројни слики и бројни низи<br>Блок<br>Пластелин<br>Хартија за копирање<br>Глинамол и глина | Телевизор<br>Аудиокасетофони и ЦД |
| | | |
| **Предметна настава** | Аудитивни средства<br>Визуелни средства<br>Пишан материјал(речници, граматика, списанија, стручна методска литертура) | |
| | Шестар | |

| | | |
|---|---|---|
| | Метар | |
| | Термометар | |
| | Линијар | |
| | Модели геометриски тела од жица | |
| | Модели шупливи геометриски тела од пластика | |
| | Рамнкорак,рамностран, правоаголен триахолник | |
| | Мауси | |
| | Тастатури | |
| | Скенер | |
| | Компјутери | |
| | Проектор ЛЦД | |
| | Рутер за интернет конекција | |
| | Микроскоп | |
| | Вага | |
| | Лупа | |
| | Ножички | |
| | Пинцета | |
| | Шпиртна ламба | |
| | Магнетна прачка | |
| | Глобус | |
| | Географски карти | |
| | Стакларија | |
| | Историски карти | |

| | | |
|---|---|---|
| | Илустриран историски материјал | |
| | Енциклопедии | |
| | Хармоники | |
| | Топка за одбојка | |
| | Топка за кошарка | |
| | Топка за фудбал | |
| | Мали топчиња | |
| | Мали јажиња за скокање | |
| | Мрежа за одбојка | |
| | Ѓулиња | |
| | Мека доскочна површина | |
| | Душеци | |
| | Штоперица | |
| | Обрачи | |
| | Медицинки | |
| | Модели – човек, око, срце, бели дробови, бубрези,череп | |
| | Слики од анатомија на човек | |
| | Слики од анатомија на растителни органи | |
| | Лабараториски прибор | |
| | Хемикалии за вежби и демонстрации | |
| | Сталак за епрувети | |
| | Лакмусова хартија | |

**2.5.Материјално-финансиско работење на училиште**

Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Потребите од нагледни средства се согледуваат преку барањата на стручните активи, а истите се планираат во развојната програма на училиштето. Од пописната листа се согледува моменталната состојба на материјално/техничките потреби и средства на училиштето.

Опременоста со наставни средства и помагала придонесува за зголемување на активноста на учениците, подигање на квалитетот на наставата и реализирање на наставните програми.

Училиштето во текот на годината изготвува финансиски план за своите сметки според кој однапред се планираат средствата за потребите на училиштето. Училиштето навремено ги планира и обезбедува материјалнофинансиските средства преку наменската сметка 903 и сопдтвената сметка 787. Тука се и постоечките капитални средства, опрема, други материјални средства, компјутерска опрема и ситен инвентар. обновување на материјално техничките средства, училишен инвентар и друго.

Училиштето има воспоставено соработка со Локалната самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата. Континуирано се следи состојбата на објектот и се обезбедуваат средства за негово одржување. Инфраструктурата на училиштето не ги задоволува потребите, но континуирано се работи на обезбедување на средства за подобрување на условите и воведување на едносменско работење во централното училиште. Планот за јавни набавки се остварува доколку има потреба преку постапки утврдени со Законот за јавни набавки. Се применуваат Правилници и Законот за финансиско работење на училиштето како и тендерски постапки.

**3.Подрачје на работа на основното училиште - наставен план, проширена програма и друга воспитно-образовна работа**

| **Подрачје на работа за кое училиштето е верификувано** | **Наставен план и програми** | **Училиштето е основано со акт.** | **Година на верификација** | **Сегашен број на одделенија и паралелки** |
|---|---|---|---|---|
| Основно образование (општо образование) | Национална програма | Училиштето со акт Одлука од Советот на општина Илинден под | Одлука под број 07 – 30849 од 1955 година | 9/20 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | број 07-1891/3 од 2014 година е превземено со основачките права и обврски од страна на Општина Илинден | | |

Задолжително деветгодишно основно образование се воведе во Македонија во 2007 година, во согласност со Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование. Законот за основно образование гарантира бесплатна достапност на ова ниво на образование за сите деца на возраст од 6 до 14 години.

Реформите на наставните планови и програми беа започнати истовремено со продолжувањето на времетраењето на основното образование. Наставните програми опфаќаат развојни цели за циклусите во основното образование, општи цели за секое одделение и конкретни цели за секоја тема или програма.

Покрај тоа, воведени се и повеќе нови предмети: англиски јазик од I одделение како задолжителен предмет; втор странски јазик од VI одделение како задолжителен предмет; иновации во IX одделение како задолжителен предмет; работа со компјутер и основи во програмирањето како задолжителен предмет во III и IV одделение; творештво и во IV и V оделение како изборен предмет; информатика во VI и VII одделение како задолжителен предмет и во VIII и IX како изборен предмет; етика на религиите, запознавање на религиите, класична култура во Европската цивилизација во VI одделение; други изборни предмети: нашата татковина, воспитание за околината, истражување за родниот крај, танци и народни ора, проекти од музичката уметност, проекти од ликовната уметност, техничко образование, проекти од инорматиката, изборен спорт, унапредување на здравјето, вештини за живеење и програмирање.

Освен тоа беше изготвена програма за образование за животни вештини, како и прирачник што е предвидено да се реализира на часот на одделенската заедница од II до IX одделение. Од учебната 2014/2015 година беше воведена прилагодена верзија на Наставните предмети според Меѓународниот центар за испитни програми од Кембриџ, Велика Британија за математика и природни науки од I до VI одделение и математика и предметите од природните науку физика, хемија и биологија од VII до IX одделение.

Учебниците за соодветните програми беа одобрени во согласност со Концепцијата за изработка на учебник и Методологијата за вреднување на учебник. Со новите измени во

образовниот систем во Р. Македонија изготвен е стратешки документ Стратегија за образованието 2018/2025.

Од учебната 2019/2020 година беше воведена реализација на тандем настава по физичко и здравствено образование во прво одделение од одделенски наставник и предметен наставник по ф.з.о.; и изборни предмети во трето одделение Јазик и култура на Србите, односно Јазик и култура на Турците за припадниците на српската и турската заедница.

**ПРЕГЛЕД НА БРОЈОТ НА УЧЕНИЦИ ЗА ВРЕМЕ НА ИЗРАБОТКА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМАТА**

**Централно училиште**

| Одд. | Бр. на пара-лелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Роми | | Срби | | Бугари | | Бошњаци | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | 1 | 23 | 6 | 4 | 6 | 7 | | | | | | |
| II | 2 | 32 | 12 | 7 | 10 | 3 | | | | | | |
| III | 1 | 22 | 7 | 4 | 7 | 4 | | | | | | |
| IV | 1 | 17 | 9 | 4 | 2 | 2 | | | | | | |
| V | 1 | 18 | 4 | 4 | 4 | 6 | | | | | | |
| I - V | 6 | 112 | 38 | 23 | 29 | 22 | | | | | | |
| VI | 2 | 37 | 16 | 7 | 6 | 6 | 1 | 1 | | | | |
| VII | 2 | 52 | 15 | 21 | 4 | 10 | 1 | 1 | | | | |
| VIII | 2 | 43 | 16 | 19 | 4 | 4 | | | | | | |
| IX | 2 | 33 | 17 | 10 | 2 | 3 | / | 1 | | | | |
| VI- IX | 8 | 165 | 64 | 57 | 16 | 23 | 2 | 3 | | | | |
| **I - IX** | **14** | **277** | **102** | **80** | **45** | **45** | **2** | **3** | | | | |

**ПООУ Мршевци**

| **Одд.** | **Бр. на пара-** | **Бр. на ученици** | **Етничка и родова структура на учениците** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Македонци** | **Роми** | **Срби** | **Бугари** | **Бошњаци** |

| | лелки | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I** | 1 | 10 | 4 | 6 | | | | | | | | |
| **II**<br>**III** | 1 | 5<br>11 | 1<br>5 | 2<br>3 | | | 1<br>3 | 1 | | | | |
| **IV**<br>**V** | 1 | 9<br>4 | 2<br>1 | 7<br>1 | | | <br>1 | <br>1 | | | | |
| **I - V** | **3** | **39** | **13** | **19** | | | **4** | **3** | | | | |

**ПООУ Текија**

| **Одд.** | **Бр. на паралелки** | **Бр. на ученици** | **Етничка и родова структура на учениците** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Македонци** | | **Роми** | | **Срби** | | **Бугари** | | **Бошњаци** | |
| | | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| **I** | 1 | 7 | 4 | 3 | | | | | | | | |
| **II**<br>**III** | 1 | 8<br>7 | 4<br>3 | 4<br>4 | | | | | | | | |
| **IV**<br>**V** | 1 | 7<br>10 | 1<br>8 | 6<br>2 | | | | | | | | |
| **I - V** | **3** | **39** | **20** | **19** | | | | | | | | |

## 4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години

| **Подрачје** | **Резултати** |
|---|---|
| 1.Организација и реализација на наставата и учењето | **Јака страна** :<br>➢ Училиштето ги информира учениците и родителите за Наставните планови и програми што се реализираат<br>➢ Учениците со поддршка од училиштето и наставниците учествуваат во различни манифестации и воннаставни активности |

| | |
|---|---|
| | - Наставниците редовно ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните исходи од учењето и тие им се јасни на учениците<br>- Водење уредно ученичко портфолио за секој ученик<br>- Училишниот простор ги исполнува условите, за изведување на наставата,според нормативот. Големината на училниците соодвествува со бројот на учениците во паралелките<br>- Поставени се нови врати во Централното и подрачните училишта<br>- Заменет е котелот во ПООУ Мршевци<br>- Поставена е ограда во Централното училиште<br>- Промена на кровна конструкција во ПООУ Текија<br><br>**Приоритет:**<br><br>- Изградба на 4 училници во централното училиште<br>- Реконструкција на постоечките руинирани простории во подрачното училиште во Мршевци и адаптација на училница за прво и помошни простории<br>- Оградување на дворовите во подрачното училиште во Мршевци<br>- Поставување на сончев колектор за искористување на сончевата енергија како можност за заштеда на топлинска енергија . |
| **2.Постигнувања на учениците** | **Јаки страни**<br>- Голема соработка со родителите и вклученост во воспитно |

| | |
|---|---|
| | образовниот систем.<br>➢ Подобрување на условите за работа во сите три објекти на училиштето.<br>➢ Квантитативни и квалитативни анализи за постигањата на учениците, редовноста и поведението по квалификациони периоди и години.<br>➢ Споредбени анализи на успехот, поведението и редовноста на ниво на училиштата општина Илинден.<br>➢ Соработка со средните училишта и други образовни владини и невладини организации.<br><br>**Приоритети**<br>➢ Да се изготви Правилник за потикнување, мотивирање и вреднување на наставниот/ненаставниот кадар.<br>➢ Организирање на предавања за ученици и родители од Ромска националност. |
| 3.Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачи и раководниот кадар | **Јаки страни**<br><br>➢ Училиштето има соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес и наставниот кадар е во согласност со нормативите<br>➢ Психологот им помага на наставниците во организација на наставата,следење на напредокот на учениците, справување со проблемите и давање помош на учениците. Стручна служба реализира програма „ Советување на родители“, “Советување на ученици”, советодавни работилници за работа со ученици, работа со ученичката заедница, родители и наставници<br>➢ Дисеминации на обуките<br>➢ Во училиштето се следи работата на наставниците- приправници |

| | |
|---|---|
| | ➢ Се врши размена на искуства преку примери на добра пракса со отворени нагледни часови<br>➢ Наставниците имаат поддршка во нивното стручно усовршување за што е изготвена и програма за професионален развој<br>➢ Соработка со ПООУ Ресурсен центар Иднина<br>➢ Соработка со МКФ<br>➢ Соработка со Филолошки Факултет<br>➢ Соработка со невладин сектор<br>➢ Регистрација и вклучување во проекти преку Национална агенција<br>➢ Учество на конференции<br><br>**ПРИОРИТЕТИ**<br><br>➢ Наставниците имаат потреба од повеќе обуки за работа со деца со посебни потреби<br>➢ Воспоставување соработка со дефектолог на ниво на општина Илинден<br>➢ Изготвување на правилник за вреднување на наставниот/ненаставниот кадар. |
| 4.Управување и раководење | **Јаки страни**<br>➢ Директорот на училиштето одржува добри односи со учениците, родителите, вработените и локалната самоуправа.<br>**Приоритети**<br><br>➢ Изготвување на Правилник и Политика за поттикнување, мотивирање и вреднување на наставниот/ненаставниот кадар. |
| 5.Комуникации и односи со јавноста | **Јаки страни**<br>➢ Постои континуирана соработка со релевантни институции (МОН, БРО , ДПИ , ДИЦ ) |

| | |
|---|---|
| | ➢ Постои соработка со јавни установи.<br><br>**Приоритети**<br>➢ Да се подобри вклученоста на родителите во организација на предавање, трибини и работилници кои обработуваат актуелни теми. |
| 6.Училишна клима и култура | **Јаки страни**<br><br>➢ Изготвен План за евакуација и спасување при елементарни непогоди<br>➢ Безбедни услови за изведување на настава и воннаставни во училиштето<br>➢ Континуирано изведување на работилници за заштита од пушење ,алхохол и дрога<br>➢ Висока развиена еколошка свест - статус “Еко училиште” со две Зелени знамиња<br>➢ Едукација на учениците за важноста на здравата исхрана се врши и во рамките на еколошката едукација во македонскиот образовен систем преку ПП-презентации кампањи и акции<br>➢ Едукација на учениците за енергетска ефикасност и промоција на училиштето надвор од општината Илинден<br>➢ Училиштето има изготвена програма за работа со ученици со емоционални тешкотии<br>➢ Постојана соработка на наставниците со психологот при откривање следење изнаоѓање решенија на емоционалните проблеми на учениците<br>➢ Училиштето во најголема мера советодавно им помага на |

| | |
|---|---|
| | учениците при изборот на средното училиште<br>➢ Постоечка пристапна рампа за учениците со хендикеп<br>➢ Целите на училиштето се насочени кон унапредување на квалитетот и подобрување на потигањата на учениците, кои од друга страна ја отсликуваат мисијата и визијата на училиштето.<br><br>**ПРИОРИТЕТИ**<br><br>➢ Училиштето да изгради политика на поттикнување на наставниот кадар<br>➢ Изградба на спортска сала во централното училиште и адаптација на простории во подрачните училишта за изведување настава по физичко образование<br>➢ Доградба на училници во централното училиште за работа во една смена. |
| 7.Соработка со родители и локалната средина | **Јака страна**<br><br>➢ Училиштето е отворено за соработка со родителите<br>➢ Училиштето соработува со културните центри на ниво на општина Илинден<br>➢ Училиштето превзема доволно активности за да ги вклучи родителите во наставата<br>➢ Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и работата на училиштето.<br><br>**ПРИОРИТЕТИ**<br>➢ Воспоставување на поголема соработка со локалните стопански |

| | |
|---|---|
| | организации и фабрики преку реализирање на взаемни посети ( посета од страна на учениците, но и посета од страна на претставници од фабриките на манифестациите организирани од училиштето).<br>➢ Доставување на барања за реализирање на донации ( проекти) од страна на бизнис секторот и други социјално одговорни компании. |

4.2.Интегрална евалуација на основното училиште

| **Подрачје** | **Согледувања** |
|---|---|
| **Наставни планови и програми** | ООУ„Браќа Миладиновци“ наставниот процес се изведува според наставните планови и програми за воспитно - образовна дејност за деветгодишно основно образование.<br>Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе начини да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Информирањето го спроведува со брошура, на Состаноците со родителите, а исто така им ја посочува веб страната на Бирото за развој на образованието.<br><br>Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели: развивање на самодовербата,иницијативноста,одговорноста,почитување на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадноста на нашата татковина како мултикултурно општество.Овие активности не се соодветно планираат од страна на поголем број наставници.<br>Училиштето превзема мерки и активности за вклучување на родителите и учениците во разгледување на НПП. |

| | |
|---|---|
| | Постојат и се користат средства за афирмирање на учениците и училиштето преку воннаставните активности. |
| **2.Постигнувања на учениците** | Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети и за сите класификациони периоди по одделенија. Училиштето изготвува тримесечни,полугодишни и годишни извештаи,како и споредбедни анализи за постигањата на учениците.Според анализи на крајот од првото полугодие споредени со постигања од три претходни учебни години,постигањата на учениците во училиштето се многу добри.<br>Училиштето има систем за идентификација на учениците кои имаат потешкотии во учењето,надарените ученици, како и на учениците со посебни образовни потреби и континуирано го следи нивниот напредок.Во училиштето идентификувани се 18 ученика кои потешко напредуваат. Стручната служба води уредна евиденција и има изготвено долгорочно, среднорочно и краткорочно планирање со цел да се подобрат нивните постигања.<br><br>Училиштето има разработен систем и ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус ( одделенска - предметна настава) и од еден во друг период, но не ги следи постигањата при по завршување на основното образование. Од споредбените анализи се констатира дека нема значајни отстапувања во успехот од еден до друг образовен циклус. Доколку се јават разлики во постигањата при премин од еден во друг циклус, стручната служба ги анализира причините за ваквата појава и превзема активности за нејзино надминување.<br>За учениците од осмо одделение училиштето има Програма за професионална ориентација .Училиштето има информација за запишаните ученици во I (прва) година, но не прибираат информации за нивните понатамошни резултати. |
| **3.Учење и настава** | Во училиштето, има пропишан приод за планирање и утврдена процедура за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручната служба. Годишните планирања на почетокот на учебната година се доставуваат до стручната служба. Планирањата на наставниците (годишно,тематско и подготовка за наставен час) се следат |

| | |
|---|---|
| | континуирано,најмалку двапати во едно полугодие.<br>Наставниците имаат подготвени годишни, тематски планирања и подготовки за наставен час. Најголем број наставници ги имаат испланирано основните неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Кај мал дел од наставниците во планирањата се сретнуваат елементи кои не одговараат на планираните активности или планираните форми, методите и техники се еднообразни за повеќе типови на час. Наставници изготвуваат планирање за дополнителна и додатна настава.<br>Наставниците планираат во рамките на стручните активи и разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ. Не е присутна размена на искуства и информации во рамките на регионално ниво,со наставниците од другите училишта.<br>Училиштето има интерна процедура (протокол) за следење на наставниот процес. Посета на часови врши директорот и стручната служба на училиштето. Секој наставник се посетува на час најмалку двапати во полугодието. Посетите се најчести кај наставниците приправници. Евиденцијата од посетата на часови се бележи во изготвен формулар за следење на час и нуди систематизираност и ефективност.<br>Учениците за своите постигања од наставниците редовно добиваат усни и писмени повратни информации со кои им се укажува на позитивните страни на нивното учење, но и на слабостите и начините како да ги надминат истите. Добиените информации од оценувањето на напредокот на учениците, наставниците ги користат соодветно за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.<br>Училиштето има утврдено систем на активности за известување на родителите за напредокот на нивните деца и истите многу добро ги применува. Се врши прибирање информации за постигањата на учениците и на транспарентен начин се даваат конкретни повратни информации на родителите и учениците за оценката.Се обрнува посебно внимание на учениците со послаб успех по одредени предмети, при што се вклучува стручната служба со одредени препораки за секој ученик. |

| | |
|---|---|
| **4.Поддршка на учениците** | Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишните згради и во училишните дворови и истите ги реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците.Сите потенцијално опасни места во училиштето,што не може да се избегнат(штекери, лизгав површини, скали) се посебно означени и учениците се запознаени како да се однесуваат кон нив. Родителите изјавија дека нивните деца додека се во училиштето се безбедни и сигурни. При несреќни случаи во училиштето има обучен кадар за давање прва помош. Во случај на лесна физичка повреда училиштето поседува опрема за давање на прва помош. Училиштето има План за заштита од елементарни непогоди. Училиштето располага со хидранти и ПП – апарати и има громобранова инсталација.<br>Во случај на незгода и елементарна непогода учениците,вработените и училиштето се осигурани.<br>Училиштето има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на возрасните кон децата кои се сметаат за психичко и физичко малтетирање. Наставниците и учениците се запознаени дека во училиштето е забрането секаков вид на насилство. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на децата. Во случаи на појава на насилство, училиштето има процедура и протокол за постапување во такви ситуации. Се организираат дежурства на наставници за време на одморите. Во училиштето појави на насилство не се регистрирани.<br>Училиштето води политика за забрана за пушење, консумирање на алкохол и консумирање и дистрибуција на наркотични супстанци во училишниот простор, вклучувајќи го тука и училишниот двор. Стручната служба има изготвено анкета и анализа помеѓу учениците за штетноста од |

| | |
|---|---|
| | консумирање на дрогата, алкохолот и пушењето. Во училиштето има поставено апликации за забрана на истите, а од страна на стручната служба се организираат предавања со цел да се укаже на штетноста и последиците од консумирање на истите.<br><br>За можностите за понатамошно образование училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации. Стручната служба изготвува психолошки тестови за учениците за нивното понатамошно образование. Изготвила Програма за професионалниот развој на учениците. Сручната служба ги информира учениците за конкурсите, условите и начинот на уписите во средните училишта. Училиштето редовно е посетувано од средни училишта кои нудат информации за уписите,а учениците имаат можност да добијат и промотивен материјал. Општи информации за понатамошно образование се и дел од програмите за реализирање на одделенските часови. |
| **5.Клима во училиштето** | Училиштето е препознатливо по остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Учениците се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Вработените и учениците со својата работа и однесување придонесуваат за афирмација на училиштето.<br><br>Училиштетео има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на сите ученици во рамките на училиштето и во пошироката локална средина. Учениците имаат можности да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата преку учество во разни секции и во вонанаставните активности.Личните трудови на учениците се истакнати во училниците.<br><br>Вработените во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата.Училиштето ги потикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.Училиштето не организира работилници со родителите за да ги запознае со правата на децата.<br><br>Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на наставни од интерс на заедницата и училиштето.Училиштето учествува во одбележување на одредени културни и спортски манефестации и други настани.Училиштето соработува со |

| | |
|---|---|
